Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-140/1
23.04 20 26 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/2024), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет**

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/3 од 27.08.2020 година, 01-1685/4 од 14.09.2020, 01-1685/5 од 20.11.2020, 01-545/1 од 22.02.2021, 01-545/3 од 22.07.2021, 01-100/1 од 17.01.2022, 01-100/2 од 01.04.2022, 01-2956/1 од 30.08.2022, 01-638/1 од 13.02.2024, 01-3210/1 од 05.09.2024, 01-3760/1 од 21.10.2024 и 01-2928/1 од 09.07.2025 година.

Член 2

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, ниво В3, се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Соработник за јавни набавки | 1 | 0 |

Член 3

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А1, се намалува бројот на работни места од 4 на „3", и се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Концерт мајстор солист | 1 | 0 |

Член 4

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А1, во точка 3. Балетски играч првенец, се намалува бројот на извршители од 7 на „6".

Член 5

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А2, во точка 1. Концерт мајстор, се зголемува бројот на извршители од 3 на „4".

Член 6

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А3, во точка 4. Водач на група гудачи – втора виолина, се намалува бројот на извршители од 3 на „2".

Член 7

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А3, се зголемува бројот на работни места од 17 на „18", и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 18. | Друг уметник прва група – координатор ментор за тути гудачи | 3 | 0 |

Член 8

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А4, во точка 4. Оперски солист носител на средни улоги, се намалува бројот на извршители од 9 на „6“.

Член 9

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А4, се намалува бројот на работни места од 21 на „20“, и се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 20. | Друг уметник втора група – туба со бас тромбон | 1 | 0 |

Член 10

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А5, во точка 2. Оперски солист носител на епизодни улоги, се зголемува бројот на извршители од 6 на „7“.

Член 11

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А5, во точка 5. Втор дувач - кларинет, се намалува бројот на извршители од 2 на „1“.

Член 12

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А5, во точка 13. Балетски играч носител на епизодни улоги, се намалува бројот на извршители од 9 на „8“.

Член 13

Во членот 6 став 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А5, се зголемува бројот на работни места од 14 на „15“, и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 15. | Друг уметник трета група – петта хорна | 1 | 0 |

Член 14

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А6, во точка 1. Тути гудачи втора виолина, се зголемува бројот на извршители од 10 на „11“.

Член 15

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А6, во точка 6. хористи, се намалува бројот на извршители од 80 на „79“.

Член 16

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А6, во точка 6. Балетски играч во ансамбл, се зголемува бројот на извршители од 44 на „46“.

Член 17

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на услуги, категорија А - уметници, ниво А6, се зголемува бројот на работни места од 6 на „7“, и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 7. | Друг уметник четврта група – репаратор (одржувач) на гудачки инструменти | 1 | 0 |

Член 18

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, ниво Б1, се зголемува бројот на работни места од 3 на „4“, и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Сценограф | 1 | 0 |

Член 19

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г1, точката 4. Друг раководител, раководител на сектор за маркетинг и односи со јавност, документација и библиотека и продажба на билети, се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Друг раководител (во сектор за маркетинг, односи со јавност, документација и продажба на билети) | 2 | 1 |

Член 20

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г2, точката 1. Друг стручен соработник-раководител на одделение за маркетинг и односи со јавност, се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Друг стручен соработник во културата | 3 | 3 |

Член 21

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г2, точката 2. Друг стручен соработник-раководител на одделение за продажба, се брише.

Член 22

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г2, точката 3. Друг стручен соработник-раководител на одделение за документација, се брише.

Член 23

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г3, точката 8. Соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура-бутафорист, број на извршители 1, се брише.

Член 24

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, точката 5, подгрупа/ниво 05 А01, назив на работно место друг работник за сценско визуелни ефекти-за боење и одржување на костими, број на извршители 1, се брише.

Член 25

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, точката 5.1, подгрупа/ниво 05 А01, назив на работно место друг работник за сценско визуелни ефекти-во ателје, број на извршители 1, се брише.

Член 26

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, во точка 9, подгрупа/ниво 05 А01, назив на работно место техничар за тон, се намалува бројот на извршители од 2 на „1“.

Член 27

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, во точка 11, подгрупа/ниво 01 А02, назив на работно место друг одговорен сценски работник-оркестарски манипулант, се намалува бројот на извршители од 2 на „1“.

Член 28

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, точката 13, подгрупа/ниво 01 А02, назив на работно место одговорен дрводелец, број на извршители 1, се брише.

Член 29

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, во точка 17, подгрупа/ниво 01 А03, назив на работно место декоратер, бројот на извршители се зголемува од 11 на „12“.

Член 30

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, во точка 18.1, подгрупа/ниво 01 А03, назив на работно место декоратер-работник на рампа, бројот на извршители се зголемува од 1 на „2“.

Член 31

Во членот 6 став (3), работни места на помошно технички лица, во точка 20, подгрупа/ниво 01 Б01, назив на работно место билетопродавач, бројот на извршители се зголемува од 1 на „2“.

Член 32

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, точка 22, ниво 01 Б02, назив на работно место магационер, број на извршители 2, се брише.

Член 33

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, точка 23, ниво 01 Б02, назив на работно место домаќин, се менува и гласи:

| Р.бр. | Подгрупа/ ниво | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|---|
| 23. | 01 Б02 | Домаќин –помошник во опера | 1 | 1 |

Член 34

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 25, ниво 01 В03 назив на работно место хигиеничар, се намалува бројот на извршители од 13 на „11“.

Член 35

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, по точка 25.2, ниво 01 Б03, назив на работно место друг НКВ работник за одржување – во перална, се додаваат две точки кои гласат:

| Р.бр. | Подгрупа/ ниво | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25.3. | 01 Б03 | Друг НКВ работник за одржување – помошник во магацин | 2 | 0 |
| 25.4. | 01 Б03 | Друг НКВ работник за одржување – распоредител гардеробер | 2 | 2 |

Член 36

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 26, ниво 02 А01 назив на работно место работник за обезбедување (пожарникар обезбедувач), се зголемува бројот на извршители од 13 на „15“.

Член 37

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за материјално финансиски работи и сметководство, работното место под реден број 13, шифра КУЛ0401Б02004, назив на работно место магационер, со број на извршители 2 се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 13. КУЛ0401Б03003 |
| Звање на работно место | Друг НКВ работник за одржување на објектите |
| Назив на работно место | Помошник работник во магацин |
| Ниво | Б03 |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Основно |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Врши помошни работи во магацин |
| Работни задачи | - Помага при прием и издавање на материјали и врши прием и издавање на материјали<br>- Води евиденција за прием и за издавање на материјали<br>- Врши контрола на материјалите при прием во магацин<br>- Врши попис на материјалите во магацин<br>- Се грижи за материјалите во магацин и за одржување на магацинскиот простор. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

Член 38

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за материјално финансиски работи и сметководство, работното место под реден број 14, шифра КУЛ0401Б02003, назив на работно место домаќин, со број на извршители 1, се брише.

Член 39

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за јавни набавки, работно место под реден број 23.в, шифра КУЛ0102В03017, назив на работно место соработник за јавни набавки, со број на извршители 1, се брише.

Член 40

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера, потточка 2.2. оддел за уметничко техничка поддршка, работно место под реден број 39. шифра КУЛ0401А02007 назив на работно место друг одговорен сценски работник оркестарски манипулант, во делот број на извршители бројот 2 се менува и гласи „1“.

Член 41

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.2. оддел за уметничко техничка поддршка, по работното место со реден број 39. шифра КУЛ0401А02007 назив

на работно место друг одговорен сценски работник оркестарски манипулант, се додава работно место кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 39.а. КУЛ0401Б02003 |
| Звање на работно место | Домаќин |
| Назив на работно место | Домаќин - помошник |
| Ниво | Б02 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Средно образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Врши помошни работи и учествува во процесот на поставување и пренесување на музичките инструменти |
| Работни задачи | - Помага при складирање на музичките инструменти<br>- Ги мести столиците, пултевите и инструментите за проби,<br>- Присуствува на сите проби и претстави во кои учествува оркестарот,<br>- При превоз на средствата од претходните алинеи, ги утоварува и истоварува истите,<br>- Се грижи за соодветно одлагање на инструментите и другата опрема<br>- Учествува во изготвување на записници за евентуалните оштетување или други промени на инструментите и опремата. |
| Одговара пред | Уметнички раководител на Опера |

Член 42

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.3. оперски солисти, работно место под реден број 40. шифра КУЛ0304А01003, назив на работно место оперски солист првенец, делот други посебни услови се менува и гласи:
„10 главни улоги од оперска литература и 20 претстави со дадените улоги".

Член 43

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.3. оперски солисти, работно место под реден број 41. шифра КУЛ0304А03001, назив на работно место истакнат оперски солист, делот други посебни услови се менува и гласи:
„7 главни улоги од оперска литература и 10 претстави со дадените улоги".

Член 44

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.3. оперски солисти, работно место под реден број 42. шифра КУЛ0304А04001, назив на работно место оперски солист носител на средни улоги, делот други посебни услови се менува и гласи:
„4 средни улоги, или улоги од повисок ранг, од оперска литература и 7 претстави со дадените улоги".

Член 45

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.3. оперски солисти, работно место под реден број 42. шифра КУЛ0304А04001, назив на работно место оперски солист носител на средни улоги, во делот број на извршители бројот 9 се менува и гласи „6".

Член 46

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.3. оперски солисти, работно место под реден број 43. шифра КУЛ0304А05001, назив на работно место оперски солист носител на епизодни улоги, делот други посебни услови се менува и гласи:
„4 епизодни улоги, или улоги од повисок ранг, од оперска литература и 7 претстави со дадените улоги".

Член 47

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.3. оперски солисти, работно место под реден број 43. шифра КУЛ0304А05001, назив на работно место оперски солист носител на епизодни улоги, во делот број на извршители бројот 6 се менува и гласи „7“:

Член 48

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, работно место под реден број 44. шифра КУЛ0304А01005, назив на работно место друг уметник првенец-концерт мајстор солист, со број на извршители 1, се брише.

Член 49

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, работно место под реден број 45. шифра КУЛ0304А02001, назив на работно место концерт мајстор, во делот број на извршители бројот 3 се менува и гласи „4“.

Член 50

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, по работното место со реден број 46, шифра КУЛ0304А03015, назив на работно место заменик концерт мајстор, се додава ново работно место под реден број 46.а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 46.а. КУЛ0304А03020 |
| Звање на работно место | Друг уметник прва група |
| Назив на работно место | Друг уметник прва група - Координатор-ментор за тути гудачи |
| Ниво | А3 |
| Број на извршители | 3 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Координирање и менторирање на работата на тути гудачи |
| Работни задачи | - Ја следи работата на тути гудачите и им помага во совладувањето на нотниот материјал,<br>- Се задолжува со нотен материјал и самостојно го проучува со цел да биде во можност да им помогне на тутистите,<br>- По потреба закажува и одржува дополнителни индивидуални или групни проби со тути гудачи,<br>- Превзема потребни мерки за непречено одвивање на дополнителните проби со тути гудачи,<br>- Води евиденција за работата на тути гудачите, одржаните дополнителни проби и за истото доставува соодветни извештаи до дирекцијата на опера. |
| Одговара пред | Уметнички раководител на Опера |

Член 51

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, работно место под реден број 47. шифра КУЛ0304А03011, назив на работно место водач на група гудачи-втора виолина, во делот број на извршители бројот 3 се менува и гласи „2“.

Член 52

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, работно место под реден број 67.а, шифра КУЛ0304А04023, назив на работно место друг уметник втора група – туба со бас тромбон, со број на извршители 1, се брише.

Член 53

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, работно место под реден број 75. шифра КУЛ0304А05006, назив на работно место втор дувач-кларинет, во делот број на извршители бројот 2 се менува и гласи „1“.

Член 54

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, по работното место со реден број 81. шифра КУЛ0304А05013, назив на работно место друг уметник трета група – четврта хорна, се додава ново работно место 81.а. кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 81.а. КУЛ0304А05013 |
| Звање на работно место | Друг уметник трета група |
| Назив на работно место | Друг уметник трета група - Петта хорна |
| Ниво | А5 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Изведување оркестарски делници |
| Работни задачи | - Извршителот изведува делници на петта хорна<br>- учествува на делени проби<br>- изведувачот треба да демонстрира голема флексибилност при изведба на своите делници, во смисла на можност за пратење на лидерското свирење на прviот хорнист, имитирање на неговиот стил, боја на звук, фразирање, вибрато и неговото чувство за ритам<br>- да се штима по својот водач и да биде во можност да реагира брзо на промените на интонација, волумен на звук, вибрато со цел заедничко и компактно звучење на групата<br>- го прилагодува својот физички изглед кон потребите на претставата вклучувајќи ја и определената гардероба. |
| Одговара пред | Уметнички раководител на Опера |

Член 55

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, работно место под реден број 83. шифра КУЛ0304А06002, назив на работно место втора виолина тути, во делот број на извршители бројот 10 се менува и гласи „11“.

Член 56

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.5. хористи, работно место под реден број 87. шифра КУЛ0304А06003, назив на работно место хористи, во делот број на извршители бројот 80 се менува и гласи „79“.

Член 57

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл-Опера потточка 2.4. оркестар, по работното место со реден број 86. шифра КУЛ0304А06002, назив на работно место контрабас тути, се додава ново работно место 86.а. кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 86.а. КУЛ0304А06008 |
| Звање на работно место | Друг уметник четврта група |
| Назив на работно место | Друг уметник четврта група во оркестар |
| Ниво | А5 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Репарирање - одржување на гудачки инструменти |
| Работни задачи | - врши периодичен преглед на гудачките инструменти, сопственост на Националната опера и балет<br>- изготвува извештаи за состојбата на гудачките инструменти и ги доставува до дирекцијата на опера<br>- изготвува извештај за потребата од поправка на гудачки инструменти со подробно назначување пто треба да се преземе, доколку самиот не може да го стори тоа<br>- врши репарација на гудачките инструменти и за истото води евиденција<br>- во случај на оштетување на гудачки инструменти изработува записник за штета. |
| Одговара пред | Уметнички раководител на Опера |

Член 58

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл Балет потточка 3.3. балетски играчи, работно место под реден број 93. шифра КУЛ0304А01001, назив на работно место балетски играч првенец, во делот број на извршители бројот 7 се менува и гласи „6“.

Член 59

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл Балет потточка 3.3. балетски играчи, работно место под реден број 96. шифра КУЛ0304А05002, назив на работно место балетски играч на епизодни улоги, во делот број на извршители бројот 9 се менува и гласи „8“.

Член 60

Во табеларниот приказ на работни места, Уметнички ансамбл Балет потточка 3.3. балетски играчи, работно место под реден број 97. шифра КУЛ0304А06004, назив на работно место балетски играч во ансамбл – балерина, балетан, во делот број на извршители бројот 44 се менува и гласи „46“.

Член 61

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место под реден број 98, шифра на работно место КУЛ0304Г01003, називот на работното место друг раководител – раководител на сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека, документација и продажба на билети, со број на извршители 1, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 98. КУЛ 03 04 Г01 003 |
| Звање на работно | Друг раководител |

| | |
|---|---|
| место | |
| Назив на работно место | Друг раководител |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика), или средно уметничко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Организирање на маркетинг активностите и односи со јавност |
| Работни задачи | - Ја води работата на секторот во делот на маркетингот, односи со јавност,<br>- Вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите во делот на маркетингот, односи со јавност,<br>- Распоредување на работите и задачите во секторот, во делот на маркетингот, односи со јавност,<br>- Подготовка на предлог план за работа на секторот, извештај за спроведувањето на работите и задачите во секторот во делот на маркетингот, односи со јавност,<br>- Подготовка на мислења и анализи за прашања во врска со делокругот на секторот и давање иницијативи за решавање на одделни прашања од делокругот на секторот, во делот на маркетингот, односи со јавност,<br>- Организира конференции за печат, радио и ТВ,<br>- Се грижи за реализација на договорите врзани за маркетинг активности,<br>- Непосредно му помага на директорот во извршувањето на должностите за претставување на установата во целост. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

Член 62

Во табеларниот приказ на работни места, потточката 4.1. одделение за маркетинг и односи со јавност, се брише.

Член 63

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место под реден број 99, шифра на работно место КУЛ0304Г02010, звање друг стручен соработник во културата, со број на извршители 1, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 99. КУЛ 03 04 Г02 010 |
| Звање на работно место | Друг стручен соработник во културата |
| Назив на работно место | Друг стручен соработник во културата |
| Ниво | Г2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика), средно економскоправна струка |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Спроведување на маркетинг стратегии за промоција на проектите кои ги реализира установата |

| | |
|---|---|
| Работни задачи | - Развива и спроведува маркетинг стратегии за промоција на претставите, концертите и други проекти кои ги реализира Националната опера и балет<br>- Спроведува истражувања за афинитетите на публиката во врска со оперско балетската уметност и репертоарот на установата, и изготвува писмени анализи и информации во врска со спроведеното истражување<br>- Креира и управува со кампањи преку дигитални и традиционални канали.<br>- Следи и анализира резултати од маркетинг активностите и предлага подобрувања.<br>- Соработува со вработените за продажба на билети<br>- Присуствува на претставите од репертоарот на установата,<br>- По потреба асистира при пречек и испраќање на публика,<br>- Присуствува и асистира при организирање и одржување на прес конференции,<br>- Учествува во соработката со медиумите, медиумските спонзори, добавувачите на рекламен материјал,<br>- Учествува во организирање на прослави, јубилеи, изложби, промоции во установата и надвор. |
| Одговара пред | Друг раководител (за маркетинг и односи со јавност) |

Член 64

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место под реден број 100, шифра на работно место КУЛ0304Г03013, назив на работното место друг соработник во културата, во делот број на извршители бројот 5 се менува и гласи „4“.

Член 65

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место под реден број 100, шифра на работно место КУЛ0304Г03013, назив на работното место друг соработник во културата, делот одговара пред се менува и гласи: „Друг раководител (за маркетинг и односи со јавност)“.

Член 66

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, потточката 4.2. одделение за продажба на билети, се брише.

Член 67

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, по работното место со реден број 100, шифра на работно место КУЛ0304Г03013, друг соработник во културата, се додава ново работно место, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 100.а.КУЛ 03 04 Г01 003 |
| Звање на работно место | Друг раководител |
| Назив на работно место | Друг раководител |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика), средно економскоправна струка, |
| Други посебни | / |

| | |
|---|---|
| услови | |
| Работни цели | Организирање на процесот на продажбата на билети и водење на работата на историскиот архив и документација за уметничката дејност на установата |
| Работни задачи | - Ја води работата на секторот во делот на продажба на билети, и документација за уметничка дејност на установата,<br>- Го организира процесот на продажба на билети,<br>- Вршење на непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите во секторот, во делот на продажба на билети и документација,<br>- Распоредување на работите и задачите во секторот, во делот на продажба на билети и документација<br>- Подготвува мислења и анализи од својот делокруг на работи и дава иницијатива за содветни решенија,<br>- Подготвува предлог план за работа и извештаи за спроведувањето на работите и задачите од својот делокруг,<br>- Остварува комуникација со медиумите,<br>- Соработува со лицата овластени за електронска продажба на билети,<br>- Се грижи за реализација на договорите врзани за продажба на билети,<br>- Непосредно му помага на директорот во поглед на пласирањето на претставите и проектите во реализација на установата. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

Член 68

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место со реден број 102, шифра КУЛ0304Г02010, назив друг стручен соработник во културата, со број на извршители 1, се менува и гласи

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 102.КУЛ 03 04 Г02 010 |
| Звање на работно место | Друг стручен соработник во културата |
| Назив на работно место | Друг стручен соработник во културата |
| Ниво | Г2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки: Економија и бизнис /средно уметничко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | учествува во организирање на процесот за продажба на билети |
| Работни задачи | - Организирање на процесот на продажба на билети,<br>- Подготовка на предлог план за работа на одделот,<br>- Подготовка на извештаи во врска со процесот за продажба на билети,<br>- Подготовка на иницијативи за решавање на одделни прашања од делокругот на одделот,<br>- Вршење анализи во врска со утврдување на цена и категоризација на билетите и подготовка на извештаи за резултатите од извршената анализа<br>- Учествува во организирање на прослави, јубилеи, изложби, промоции во Национална опера и балет и надвор,<br>- Продава билети за претставите и други настани во Национална опера и балет. |
| Одговара пред | Друг раководител (за документација и продажба на билети ) |

Член 69

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, шифра КУЛ0304Г02010, назив друг стручен соработник-за продажба на билети, се додава работно место, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 102.а. КУЛ 03 04 Г03 013 |
| Звање на работно место | Друг соработник во културата |
| Назив на работно место | Друг соработник во културата |
| Ниво | Г3 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика), средно уметничко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Учество во процесот за организирање на продажба на билети |
| Работни задачи | - Учествува во организирање на процесот за продажба на билети,<br>- Изготвува извештаи за реализирана продажба,<br>- Комуницира со странки во врска со продажбата на билети,<br>- По потреба присуствува на претставите од репертоарот на Национална опера и балет,<br>- По потреба асистира при пречек и испраќање на публика,<br>- Учествува во соработката со медиумите, медиумските спонзори, добавувачите на рекламен материјал,<br>- Се грижи за навремено и правилно извршување на работите во салонот (гардероба, распоредители), пред и за време на претставите. |
| Одговара пред | Друг раководител (за документација и продажба на билети) |

Член 70

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работно место под реден број 103, шифра КУЛ0401Б01002, назив билетопродавач, во делот број на извршители, бројот 1 се менува и гласи „2".

Член 71

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работно место под реден број 103, шифра КУЛ0401Б01002, назив билетопродавач, делот одговора пред се менува и гласи: „Друг раководителот (за документација и продажба на билети)".

Член 72

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работно место под реден број 103.1., шифра КУЛ0401Б02005, назив друг работник за одржување на објектите-одговорен редар во салон, во делот одговора пред се менува и гласи: „Друг раководител (за документација и продажба на билети)".

Член 73

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, потточката 4.3. одделение за документација, се брише.

Член 74

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место под реден број 104, шифра КУЛ0304Г02010, назив друг стручен соработник-раководител на одделение за документација, со број на извршители 1, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 104. КУЛ 03 04 Г02 010 |
| Звање на работно место | Друг стручен соработник во културата |
| Назив на работно место | Друг стручен соработник во културата |
| Ниво | Г2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Историја и археологија,<br>средно уметничко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Создавање и развој на историски архив за дејноста на установа и обработка на податоци и документација за уметничката дејност на установата |
| Работни задачи | - Организирање, насочување и координација на работата на одделот,<br>- Подготовка на предлог план за работа на одделот,<br>- Подготовка на извештаи за спроведување на програмата за работа,<br>- Подготовка на мислења и анализи за прашања во врска со остварувањето на програмата за работа,<br>- Подготовка на иницијативи за решавање на одделни прашања од делокругот на одделот,<br>- Создавање, усовршување и водење на историскиот архив на установата,<br>- Учествува во организирање на прослави, јубилеи, изложби, промоции во установата и надвор. |
| Одговара пред | Друг раководител (за документација и продажба на билети) |

Член 75

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место под реден број 105, шифра КУЛ0304Г03013, назив друг соработник во културата, делот одговара пред, се менува и гласи: „Друг раководител (за документација и продажба на билети)“.

Член 76

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор за маркетинг и односи со јавност, библиотека и документација и продажба на билети, работното место под реден број 106, шифра КУЛ0304Г03013, назив друг соработник во културата, делот одговара пред, се менува и гласи: „Друг раководител (за документација и продажба на билети)“.

Член 77

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, по работното место со реден број 107.а, шифра КУЛ0304Б01003, назив костимограф, се додава ново работно место кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 107.б. КУЛ0304Б01004 |
| Звање на работно место | Сценограф |
| Назив на работно место | Сценограф |

| | |
|---|---|
| Ниво | Б1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки; Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика), |
| Други посебни услови | сценограф на 10 наслови |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно, квалитетно да го подржи спроведувањето на работите на установата во врска со подготовките и реализацијата на проектите, во делот на изработка на сценографија |
| Работни задачи | - Донесува авторски идејни сценографски решенија најмалку за две оперски или балетски премиерни проекти, и два проекти од помал карактер-проект на мала сцена или алтернативна сцена,<br>- Идејните решенија ги преточува во сценографски скици кои ги одобрува режисерот/кореграфот на проектот, а во корелација со уметничките раководители на опера/балет,<br>- Изработува работни скици, технички скици со точно избрани материјали, Изработува предлог пресметка за финансиски средства потребни за реализација на сценографијата на проектот, материјалите ги избира и ги требува во службите,<br>- Во соработка со надлежните служби се грижи за навремено набавување на потребните материјали кои ги избрал ангажираниот сценограф,<br>- Врз основа на концептот на претставата се грижи за реализацијата на сценографијата, согласно скиците и учествува во организирањето на работата во работилниците,<br>- сценографските скици ги предава во дирекцијата на операта/балетот,<br>- Одлучува и дава идејни решенија за сценографија на настани од друг сценско визуелен карактер како гала оперски вечери, гала балетски вечери каде е потребно избор на сценографски елементи од постоечкиот магацин. |
| Одговара пред | Раководителот на сценска техника |

Член 78

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 116, шифра на КУЛ0401А03006, назив на работно место декоратер, во делот број на извршители, бројот 11 се менува и гласи „12“.

Член 79

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 127, шифра на КУЛ0405А01003, назив на работно место техничар за тон и видео, во делот број на извршители, бројот 2 се менува и гласи „1“.

Член 80

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работното место под реден број 129.1, шифра КУЛ0405А01009, назив на работно место друг работник за сценско визуелни ефекти-во сликарско ателје, со број на извршители 1, се брише.

Член 81

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работното место под реден број 130, шифра КУЛ0304Г03005, назив на работно место соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура-бутафорист, со број на извршители 1, се брише.

Член 82

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работното место под реден број 131, шифра КУЛ0401А02004, назив на работно место одговорен дрводелец, со број на извршители 1, се брише.

Член 83

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 133.б, шифра КУЛ0405А01009, назив на работно место одговорен кројач/шивач, делот одговора пред се менува и гласи: раководителот на сценска техника.

Член 84

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 136.а, шифра КУЛ0405А01009, назив на работно место одговорен за изрботка на шапки – кројач шапкар, делот одговора пред се менува и гласи: раководителот на сценска техника.

Член 85

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 137.а, шифра КУЛ0304Г02005, назив на работно место одговорен за шминка перики и маскирање, делот одговора пред се менува и гласи: раководителот на сценска техника.

Член 86

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 142, шифра КУЛ0405Б01009, назив на работно место друг работник за реквизита и фундус за изработка на чевли, делот одговора пред се менува и гласи: раководителот на сценска техника.

Член 87

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работното место под реден број 142.а, шифра КУЛ0405А01009, назив на работно место одговорен работник за одржување и боење костими, со број на извршители 1, се брише.

Член 88

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 144, шифра КУЛ0405В01002, назив на работно место перач, делот одговора пред се менува и гласи: раководителот на сценска техника.

Член 89

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 145, шифра КУЛ0401А02007, назив на работно место одговорен гардеробер во костимска гардероба, делот одговора пред се менува и гласи: раководителот на сценска техника.

Член 90

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 152, шифра КУЛ0401Б03001, назив на работно место хигиеничар, во делот број на извршители, бројот 13 се менува и гласи „11“.

Член 91

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, по работното место со реден број 152, шифра КУЛ0401Б03001, назив на работно место хигиеничар, се додава ново работно место, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 152.а. КУЛ0401Б030003 |
| Звање на работно | Друг НКВ работник за одржување на објектите |

| | |
|---|---|
| место | |
| Назив на работно место | Распоредител-гардеробер во салон |
| Ниво | Б03 |
| Број на извршители | 2 |
| Вид на образование | Основно |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Извршување работи во врска со одржување на објектот |
| Работни задачи | - Се грижи за правилно распоредување на публиката во салонот, согласно приложениот билет за влез,<br>- Помага за одржување на редот пред и за време на претстава,<br>- Ја презема личната гардероба од публиката, се грижи истата да биде вратена во исправна состојба,<br>- По завршување на претставата односно настанот, проверува дали на гардероба, фоаје или во салонот има изгубен предмет и за истото го известува одговорниот редар во салон,<br>- По завршување на претставата односно настанот, проверува дали има некое оштетување и истото го пријавува кај одговорниот редар во салон. |
| Одговара пред | Раководителот на сценска техника |

Член 92

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 153, шифра КУЛ0402А01001, назив на работно место работник за обезбедување (пожарникар обезбедувач), во делот број на извршители, бројот 13 се менува и гласи „15".

Член 93

Во табеларниот приказ на работни места, Сектор сценска техника, работно место под реден број 154.а, шифра КУЛ0401А03006, назив на работно место декоратер – работник на рампа, во делот број на извршители, бројот 1 се менува и гласи „2", а во делот други посебни услови се бришат зборовите „возачка дозвола Б категорија".

Член 94

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет и Министерството за јавна администрација.

Директор
Оливер Арсовски